ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО – МАКЕДОНИЈА ЗА 2012

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

ФООМ во 2012 година

Посветена на промоцијата на отвореното општетство, преку своите програми, ФООМ во 2012 година иницираше и поддржа широк спектар активности, од градење капацитети до проекти за јавни политики и социјално застапување. За да одговори на потребите на различни целни групи, а особено на младите, Ромите и социјално маргинализираните, ФООМ соработуваше со други домашни и странски невладини организации и донатори.

ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ

Потрошено во 2012

- Граѓанско општество ..... 76,6 милиони денари
- Образование ..... 70,8 милиони денари
- Ургентен фонд за ублажување на последиците од економската криза ..... 53,4 милиони денари
- Јавно здравство ..... 48,4 милиони денари
- Медиуми ..... 28,2 милиони денари
- Јавна администрација и локална самоуправа ..... 17,1 милиони денари
- Право ..... 14,4 милиони денари
- Исток - Исток ..... 7,4 милиони денари
- Информации ..... 6,3 милиони денари
- Други програми ..... 3,3 милиони денари

ВКУПНО: 325,9 милиони денари

УПРАВУВАЊЕ

Членови на УО 2012

- Гордана Дувњак, Претседателка
- Жарко Трајаноски
- Маргарита Цаца - Николовска
- Гоце Тодороски (од 01.03.2012)
- Аце Коцевски
- Рецеп Али Чупи
- Ирена Цветковиќ

KPMG

КПМГ Македонија ДОО Скопје
Соравија Центар, Скопје, 7-ми кат
Ул. "Филип Втори Македонски" бр.3
1000 Скопје
Република Македонија

Телефон +389 (2) 3135 220
Факс +389 (2) 3111 811
Е-пошта kpmg@kpmg.com.mk
Портал www.kpmg.com.mk

Извештај на независниот ревизор до Управниот одбор на Фондацијата Отворено општество - Македонија

Извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Фондацијата Отворено општество - Македонија ("Фондацијата"), кои се состојат од извештајот за финансиската состојба на 31 декември 2012 година, извештаите за сеопфатна добивка, промените во деловниот фонд и паричниот тек за годината тогаш завршена и белешките, кои се состојат од преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството на Фондацијата е одговорно за изготвување и реално прикажување на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, како и за таква интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за изготвување на финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни грешки, било да се резултат на измама или ненамерно направени грешки.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да искажеме мнение за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Овие стандарди изискуваат да се придржуваме на релевантните етички стандарди и да ја планираме и да ја извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со разумна увереност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури за добивање на ревизорски докази за износите и образложенијата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од нашите проценки, вклучувајќи ги и проценките на ризиците за значајни грешки во финансиските извештаи како резултат на измама или ненамерно направени грешки. Во проценувањето на овие ризици, ги разгледавме соодветните интерни контроли воспоставени во Фондацијата за изготвување и реално прикажување на финансиските извештаи со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и за да изразиме мнение за ефикасноста на интерните контроли воспоставени во Фондацијата. Ревизијата, исто така вклучува осврт на користените сметководствени принципи и значајните проценки направени од раководството, како и оценка на адекватноста на прикажувањето на информациите во финансиските извештаи.

Ние сме убедени дека ревизорските докази кои ги добивме се достаточни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мнение.

КПМГ Македонија ДОО Скопје е македонско друштво со ограничена одговорност и компанија–членка на КПМГ мрежата од независни компании поврзани преку KPMG International, швајцарска групација.

Регистрирано во Трговскиот Регистар на Република Македонија со ЕМБС: 5078598 Дан. бр. МК4030996107

KPMG

Извештај на независниот ревизор

Мнение

Според наше мнение, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Фондацијата на 31 декември 2012 година како и нејзината финансиска успешност и нејзиниот паричен тек за годината тогаш завршена, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

КПМГ Македонија ДОО

КПМГ Македонија ДОО
29 април 2013 година
Скопје

Фондација Отворено општество - Македонија
Финансиски извештаи

Извештај за финансиската состојба

На 31 декември

	Белешка	МКД'000 2012	УСД 2012	МКД'000 2011	УСД 2011
Актива					
Парични средства и парични еквивалент	6	74.628	1.599.733	5.957	125.324
Побарувања	7	30.579	655.490	44.509	936.357
Претплати	8	300	6.428	301	6.342
Вкупно тековни средства		105.507	2.261.651	50.767	1.068.023
Дадени кредити и аванси	9	22.093	473.596	21.663	455.731
Долгорочни вложувања	10	308	6.607	308	6.484
Недвижности, постројки и опрема	11	16.495	353.560	16.467	346.410
Вкупно постојани средства		38.896	833.763	38.438	808.625
Вкупна актива		144.403	3.095.414	89.205	1.876.648
Обврски и деловен фонд					
Останати обврски	12	659	14.125	1.131	23.800
Одложен приход	13	5.514	118.192	4.863	102.302
Пресметани обврски	15	106.391	2.280.617	50.551	1.063.462
Вкупно тековни обврски		112.564	2.412.934	56.545	1.189.564
Деловен фонд					
Акумулиран вишок		31.839	861.227	32.660	849.847
Резерва од курсни разлики		-	(178.747)	-	(162.763)
Вкупно деловен фонд		31.839	682.480	32.660	687.084
Вкупно обврски и деловен фонд		144.403	3.095.414	89.205	1.876.648

Белешките на страните 5-30 се составен дел на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи прикажани на страниците од 1 до 30 беа одобрени од Управниот одбор на фондацијата Отворено општество - Македонија на 29 април 2013 година и потпишани во негово име од:

Владимир Милчин
Извршен Директор

Зоран Цали
Административен Директор

Фондација Отворено општество - Македонија
Финансиски извештаи

Извештај за сеопфатна добивка

За годината завршена на 31 декември

	Белешка	МКД'000 2012	УСД 2012	МКД'000 2011	УСД 2011
Приходи					
Приходи од Фондации отворено општество		130.556	2.751.159	22.003	482.791
Приходи од Институт отворено општество	16	140.883	2.994.778	217.024	4.924.755
Финансирање од други донатори	17	76.637	1.615.018	16.624	379.347
		348.076	7.360.955	255.651	5.786.893
Расходи					
Отворено општество - вкупни расходи	18,19	(267.457)	(5.663.326)	(235.980)	(5.340.746)
Расходи поврзани со финансирање од други донатори	20	(79.426)	(1.642.337)	(18.489)	(414.335)
Амортизација	11	(4.140)	(88.745)	(4.627)	(97.343)
Останати (расходи)/приходи	22	833	17.292	1.187	27.742
Загуба пред нето приходи од финансирање		(2.114)	(16.161)	(2.258)	(37.789)
Приходи од финансирање		1.293	27.541	61	7.354
Вкупно приходи од финансирање	23	1.293	27.541	61	7.354
Вишок/(кусок) за годината		(821)	11.380	(2.197)	(30.435)
Останата сеопфатна добивка за годината, нето од данок од добивка		-	-	-	-
Вкупна сеопфатна добивка за годината		(821)	11.380	(2.197)	(30.435)

Белешките на страните 5-30 се составен дел на овие финансиски извештаи.